Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КУЛТУРАТА**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за културата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 септември 2005 година.

Бр. 07-3446/1
21 септември 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ**
**ЗА КУЛТУРАТА**

Член 1

Во Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" број 31/98 и 16/2003 ) во членот 15 став 1 зборовите: "надлежен регистарски суд" се заменуваат со зборовите: "Централниот регистар на Република Македонија".

Член 2

Во членот 18 став 3 зборовите: "надлежниот регистарски суд" се заменуваат со зборовите: "Централниот регистар на Република Македонија".

Член 3

Одредбата од членот 1 на овој закон ќе се применува од 1 јануари 2006 година, а одредбата од членот 2 на овој закон ќе се применува од 30 септември 2006 година.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".